# Службен гласник на Општина Делчево

## Број 16

## 29.08.2025 година

**Уредува**

**Излегува по потреба**

**Одделение за правни и општи работи**

**август, 2025**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 29.08.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 51. Седница**
**на Советот на Општина Делчево**
**I**

Да се објават во „Сл.гласник на Општина Делчево“, актите донесени на 51. Седница одржана на **29.08.2025** година:

1. **Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар „Водоснабдителен систем на с.Ѕвегор и водоснабдителен систем на с.Габрово, Општина Делчево“ на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;**

2. **Одлука за давање на трајно користење на движни ствари прочистувачи на воздух на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево и ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево;**

3. **Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025;**

4. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура за 2025 г. на Општина Делчево;**

5. **Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување реони во општинските основни училишта во Делчево;**

6. **Заклучок за недавање согласност на Годишен план за вработување за 2026 г на ООУ „Ванчо Прке“;**

7. **Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа за 2024/25 г на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево;**

8. **Заклучок за недавање согласност на Годишен план за вработување за 2026 г. на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево;**

9. **Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа за 2024/25 на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево;**

10. **Заклучок за недавање согласност на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2026 година;**

11. **Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа за 2024/ 25 г.на ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево;**

12. **Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа за 2025/26 г на ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево;**

13. **Одлука за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево;**

14. **Одлука за давање согласност на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за формирање групи со поголем број на деца;**

15. **Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево**

16. **Одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 21-1995/1 од 21.08.2025г. од КУД „Гоце Делчев“ Делчево**

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 2015 /1**
**29. 08. 2025 год.** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Делчево** **Градоначалник,**
**Горан Трајковски**

1. Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002), член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 51 Седница одржана на ден 29.08.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на трајно користење на недвижна ствар „Водоснабдителен систем на с.Ѕвегор и водоснабдителен систем на с.Габрово, Општина Делчево“ на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево се даваат:

-Недвижната ствар „Водоснабдителен систем на с.Ѕвегор и водоснабдителен систем на с.Габрово, Општина Делчево“, сопственост на Општина Делчево, согласно со Проектот за инфраструктура техн. број ДЕ-III-607/20 од февруари 2020 година, изработен од ДПУ ХИДРОЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје и Проектот за инфраструктура техн. број ДЕ-III-606/20 од 2020 година, изработен од ДПУ ХИДРО-ЕНЕРГОИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје, заради вршење дејност и тоа:

- водоснабдителен систем на с.Ѕвегор, Општина Делчево од втора категорија, на КП бр.5759/1, КП бр. 5780/2, КП бр. КП бр. 5786, КП бр. 5794, КП бр. 5800/2, КП бр. КП бр. 5802/3, КП бр. 5809/2, КП бр. 5812/2, КП бр. 5815/2, КП бр. 5819/2, КП бр. 5841, КП бр. 5875, КП бр. 5876/2, КП бр. 5894, КП бр. 4089/1, КП бр. 4089/2, КП бр. 5030, КП бр. КП бр. 5101, КП бр. 5116, КП бр. 5147 КП бр. 5183/1, КП бр. 5184, КП бр. 5246, КП бр. 5285, КП бр. 5321, КП бр. 5330, КП бр. 5355, КП бр. 5359, КП бр. 5381/1, КП бр. 5408, КП бр.5416, КП бр. 5484, КП бр. 5507, КП бр. 5554, КП бр. 5584/2, КП бр. 5590/3, КП бр. 5591/2, КП бр. 5610, КП бр. 5624/3, КП бр. 5625/2, КП бр. 5649, КП бр. 5705, КП бр.

5166, КП бр. 5220/2, КП бр. 5413/2, КП бр. 5451, КП бр. 5622, КП бр. 5701, КП бр. 5706, КП бр. 5783, КП бр. 5832, КП бр. 5119, КП бр. 5165, КП бр. 5209, КП бр. 5443, КП бр. 5923/1, КП бр. 5454, КП бр. 5459, КП бр. 5381/2, КП бр. 5435/1, КП бр. 5348, КП бр. 5361, КП бр. 5650, КП бр. 5590/1, КП бр. 5592/1, КП бр. 5588/1, КП бр. 5586, КП бр. 5325, КП бр. 5344, КП бр. 5828, КП бр. 5341/1, КП бр. 5341/2, КП бр. 5342/2, КП бр. 5342/1, КП бр. 5225, КП бр. 5811, КП бр. 5813, КП бр. 5878, КП бр. 5882, КП бр. 3164, КП бр. 5627/2, КП бр. 5820, КП бр. 5877/2, КП бр.1449/1, КП бр. 5509, КП бр. 1087, КП бр. 52208, КП бр. 510, КП бр. 682, КП бр. 754, КП бр. 642 КП бр. 52290, КП бр. 113, КП бр. 52197, КП бр. 52233, КП бр. 52195, КП бр. 2253, КП бр. 2266,КО Ѕвегор, КП бр. 1065, КП бр. 4089/3, КП бр. 4089/4, КП бр. 2159, КП бр. 4082/1 КО Ѕвегор В.Г.Реон;
- водоснабдителен систем во с.Габрово, Општина Делчево од втора категорија, на КП бр.10642/1, КП бр. 10657/2, КП бр.10636, КП бр. 10566, КП бр. 10459/1, КП бр. 10044, КП бр. 10096, КП бр. 10103, КП бр. 10215, КП бр. 10237, КП бр. 10245, КП бр. 10277, КП бр. 10350, КП бр. 10354, КП бр. 10395, КП бр. 10134/2, КП бр. 10169, КП бр. 10136, КП бр. 10210, КП бр. 10420/1, КП бр. 10582, КП бр. 4391/2, КП бр. 10134/1, КП бр. 4552, КП бр. 10193, КП бр. 10192, КП бр. 10642/2, КО Габрово, КП бр. 5469, КП бр. 5775/1, КП бр. 5764/2, КП бр. 4392, КП бр. КО Габрово вон Г.Р, КП бр. 2314/2, КП бр. 2315/2, КП бр. 2316/2, КП бр. 5035/1, КП бр. 8996/1 КО Делчево.

**Член 2**

Недвижната ствар опишана во член 1 на оваа Одлука се дава на трајно користење без надоместок на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.

**Член 3**

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа Одлука, ќе се изврши помеѓу Општина Делчево и Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево во рок од 8 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

**Член 4**

Се задолжува корисникот Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево, стварите опишани во член 1 од оваа Одлука да ги стави во функција, да стопанисува со нив, да ги чува и одржува во исправна состојба и да ги користи исклучиво за намената за која се дадени.

**Член 5**

Користењето на недвижната ствар може да престане со Одлука на Советот на Општина Делчево согласно со закон, како и во случаи кога стварите се користат спротивно на намената и извршувањето на работите за кои се преостапени.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 – 1999/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.08. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

2. Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен Весник на Република Македонија" број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019), Советот на Општина Делчево на својата 51 Седница, одржана на ден 29.08.2025

година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на трајно користење на движни ствари- прочистувачи на воздух на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево и на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево и на ООУ „Св. Климент Охридски“ Делчево се даваат на трајно користење по еден прочистувач на воздух опишани во Договорот за уредување на правата и обврските за престанок и давање на движни страни на трајно користење склучен помеѓу Генерален секретаријат на Владата на Република Северна МАкедонија бр. 55-7006/1 од 16.07.2025 година и Општина Делчево бр.08-1727/1 од 23.07.2025 година и тоа: Прочистувач на воздух- производител: MANN+HUMMEL; модел: OURAIR SQ 1750; инвентарен број 250230 и Прочистувач на воздух- производител: MANN+HUMMEL; модел: OURAIR SQ 1750; инвентарен број 250231.

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука се даваат на трајно користење без надомест на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево и на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 - 2000/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.08.2025 година** — **Претседател**
**Делчево** — **Гоце Попов**

3. Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 51 Седница одржана на ден 29.08. 2025 год. донесе:

**Програма**
**за измена и дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши измена на дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година донесена од страна на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 2/2025, 13/2025 и 14/2025).

**Член 2**

Во Програмата за дополнување на Програмата изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-1763/1 од 28.07.2025 година(„Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 14/2025), се бришаат член 7 и член 8 поради административна грешка.

**Член 3**

Во оваа Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година донесена од страна на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 2/2025, 13/2025 и 14/2025), во поглавјето Б. Урбанистички проекти, точка 10. Донесување - одобрување на урбанистички проекти согласно со член 58 и член 63 од Законот за

урбанистичко планирање се додаваат две нови точки кои гласат:

10.35 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани за формирање градежна парцела за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 1 MW на КП 2666 и дел од КП 2667 КО Бигла, Општина Делчево. Овој локалитет ги опфаќа КП 2666 и дел од КП 2667 КО Бигла, Општина Делчево.

10.36 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани за формирање градежна парцела за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 1 MW на дел од КП 5504, дел од КП 5505, КП 5511 и дел од КП 5512 КО Бигла, Општина Делчево со цел формирање градежна парцела со намена Е 1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани. Овој локалитет ги опфаќа дел од КП 5504, дел од КП 5505, КП 5511 и дел од КП 5512 КО Бигла, Општина Делчево.

**Член 4**

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година донесена од страна на Советот на Општина Делчево се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Член 5**

Со донесувањето на оваа Програма, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно со законската регулатива, а на трошок на поднесувачот на Иницијативата согласно со неговата Забелешка- Изјава дедена во Барањето.

**Член 6**

Оваа Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09 – 2001/1**
**29.08. 2025 год.**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНАДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

4. Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл. Весник на РСМ“ бр.84/20 и 202/24), член 7, точка 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 15, став 1 точка 5 и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на 51 Седница, одржана на 29.08.2025 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2025**

**Член 1**

Во Програма за култура на Општина Делчево за 2025 година број 09-237/1од 29.01.2025 година донесена од Советот на Општина Делчево („**Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 3/2025), во точка 5.16 „Одбележување годишнина од ослободувањето на Делчево-Одбележување годишнина од независноста на Република Северна Македонија**“, во делот Активности, по алинеја 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:

- Организирање целовечерен концерт на познати македонски музички артисти;

Алинеите 7 и 8 стануваат алинеи 8 и 9.

**Член 2**

Во Табелата **„**VI Акциски план за Програмата за 2025“, **точка 15, колона буџет**, **„30.000“ се заменува со „650.000 “.**

**Член 3**

Во Табелата „VIII ФИНАНСИСКИ ДЕЛ -4.1 Табеларен преглед на настани и финансии“, **точка 12, колона Буџет во денари, „30.000,оо“ се заменува со износ „650.000,оо“.**

Во Табела 1 од Табеларен преглед на настани и финансииво делот **вкупно, колона Буџет во денари„„677.000,00“ се заменува со износ „1.297.000,оо“.**

Во Табела 1+2 од Табеларен преглед на настани и финансии во делот **вкупно, колона Буџет во денари„„877.000,00“ се заменува со износ „1.497.000,оо“.**

**Член 4**

Оваа Програма за измена и дополна на Програмата за култура на Општина Делчево за 2025 година влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 - 2002/1**
**29.08. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Гоце Попов**

5. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 63 став 4 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20,3/25 и 74/25), член 15 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 51 Седница, одржана на ден 29.08.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за измена и дополнување на Одлуката**
**за утврдување реони во општинските основните училишта од Општина Делчево**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на реони во општинските основните училишта од Општина Делчево бр.09 – 1470/1 од 07.07.2022 година на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.9/2022“), во член 2 став 1, Реон„Ново Делчево“, точка 13 се менува и гласи:
13. Дел од ул „Булевар Македонија“ и тоа: од левата страна на ул.„Булевар Македонија“ од зграда број 043 до крај, а од десната страна од раскрсница ул „Булевар Македонија“ со ул.„Методи Митевски- Брицо“ до крајот на ул „Булевар Македонија“.

**Член 2**

Во член 8 став 1, Реон„ Ново Делчево“, по точка 2 се додава нова точка 3 која гласи:

3. Дел од ул „Булевар Македонија“ и тоа: од левата страна на ул „Булевар Македонија“ од број 001 доброј 041, од десната страна на ул „Булевар Македонија“ од раскрсницата на ул „Булевар Македонија“ со ул. „Индустриска“ и ул. „Македонска“ до раскрсница на ул. „Булевар Македонија“ со ул.„Методи Митевски- Брицо“.

**Член 3**

Оваа Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување реони во општинските основните училишта од Општина Делчево влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 2003/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.08. 2025година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

6. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РСМ бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019; 14/2020; 95/2020; 302/2020; 208/2024; 210/2024), а согласно со член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на РСМ“ бр. 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018; 275/2019; 14/2020; 112/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024; 210/2024), Советот на Општина Делчево на 51. Седница, одржана на ден 29.08.2025 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за недавање согласност на Годишен план за вработување на**
**ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2026 година**

1. Советот на Општина Делчево не дава согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за 2026 година бр. 01-228/1 од 27.05.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“

**Бр.09-2004/1** **Совет на Општина Делчево**
**29.08. 2025 г.** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

7. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 51.Седница, одржана на ден 29.08.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на**
**ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2024/2025**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2024/2025 година, бр. 01-371/1 од 12.08.2025;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2005/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.08.2025 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

8. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РСМ бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019; 14/2020; 95/2020; 302/2020; 208/2024; 210/2024), а согласно со член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на РСМ“ бр. 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018; 275/2019; 14/2020; 112/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024; 210/2024), Советот на Општина Делчево на 51. Седница, одржана на ден 29.09. 2025 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за недавање согласност на Годишен план за вработување на**
**ООУ „Св.Климент Охридски Делчево за 2026 година**

1. Советот на Општина Делчево не дава согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за 2026 година бр. 04-346/1 од 28.05.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“

**Бр. 09-2006/1** **Совет на Општина Делчево**
**29.08. 2025 г.** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

9. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 51. Седница, одржана на ден 29.08.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на**
**ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за учебната 2024/2025**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“-Делчево за учебната 2024/2025 година бр. 01-585/1 од 22.08.2025 г;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09-2007/1** **Совет на Општина Делчево**
**29.08. 2025 г.** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

10. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018, 143/2019, 14/2020, 95/2020, 302/2020, 208/2024, 210/2024, а согласно со член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018, 275/2019, 14/20, 112/2020, 215/2021, 99/2022, 208/2024, 210/2024), Советот на Општина Делчево, на 51. Седница, одржана на ден 29.08. 2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за недавање согласност на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево за 2025 година**

1. Советот на Општина Делчево не дава согласност на Годишниот план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево за 2025 година бр. 01-90/1 од 15.07.2024 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина“

**Број 09-2008/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.08. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

11. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл. гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 51. Седница, одржана на ден 29.08.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2024/2025**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитна 2024/2025 година бр. 01-101/1 од 20.08.2025 г.;

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2009/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.08. 2025 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

12. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Делчево („Сл. гласник на Општина Делчево бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 51. Седница, одржана на ден 29.08.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма за работа на**
**ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2025/2026**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2025/2026 бр.01-102/1 од 20.08.2025;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2010/1** **Совет на Општина Делчево**
**29.08. 2025г.** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

13. Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РСМ" бр. 23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018; 104/2019; 146/2019; 275/2019; 88/2020; 311/2020; 294/2021; 150/2022; 236/2022; 236/2022; 265/2024; 17/2025; 132/2025) и Барање бр.03-13/4 од 20.08.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 51. Редовна седница одржана на 29.08.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време**
**во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево дава согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за објект бр.2, кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 12 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот, часот, при што прием и згрижување деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2011/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.08. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,**

14. Врз основа на член 64 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РСМ" бр. 23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016;

163/2017; 21/2018; 198/2018; 104/2019; 146/2019; 275/2019; 88/2020; 311/2020; 294/2021; 150/2022; 236/2022; 236/2022; 265/2024; 17/2025; 132/2025) и Барањето на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево бр. 03-13/4 од 20.08.2025 година, Советот на Општина Делчево, на својата 51. Редовна седница, одржана на ден 29.08.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за формирање групи со поголем број деца во ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево дава согласност за формирање групи со поголем број деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2025/2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“

**Број 09-2012/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.08. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,**

15. Врз основа на член 53 став и 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19,76/20, 229/20, 3/25 и 74/25), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019, 1/2021) и Барање бр. 09-1985/1 од 27.08.2025 за исправка на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево бр. 09-1769/1 од 18. 07. 2025, Советот на Општина Делчево на 51 Седница, одржана на ден 29.08.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за давање согласносот за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево**

**Член 1**

Во Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево бр. 09-1769/1 од 28.07.2025 г. во членот 1 став 1 алинеја 3 **се брише.**

**Член 2**

Во Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево- Подрачно училиште (ПУ) во с. Ѕвегор членот 2 се менува и гласи:

-Во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево- Подрачно училиште (ПУ) во с. Ѕвегор се формира по една паралелка во IV и во V одделение.

**Член 3**

Членот 3 од Одлуката се менува и гласи:

| **Основно училиште** | **Паралелки** | **Број на ученици** |
|---|---|---|
| Централно основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево | I 1<br>I 2 | 20<br>20 |

| | | |
|---|---|---|
| | I 3 | 12 |
| | II 1<br>II 2<br>II 3 | 17<br>13<br>24 |
| | III 1<br>III 2<br>III3 | 16<br>16<br>13 |
| | IV 1<br>IV 2<br>IV3 | 16<br>17<br>9 |
| | V 1<br>V 2<br>V 3 | 12<br>11<br>21 |
| | VI 1<br>VI 2<br>VI 3 | 15<br>15<br>14 |
| | VII 1<br>VII 2<br>VII 3<br>VII 4 | 11<br>10<br>12<br>16 |
| | VIII 1<br>VIII 2<br>VIII 3<br>VIII 4 | 12<br>14<br>15<br>15 |
| | IX 1<br>IX 2<br>IX 3<br>IX 4 | 11<br>13<br>10<br>9 |
| **ООУ „Ванчо Прке“<br>Подрачни училишта** | **Паралелки** | **Број на ученици** |
| ПУ во с. Габрово | I<br>II<br>III<br>IV<br>V | 0<br>1<br>0<br>0<br>2 |
| ПУ во с. Ѕвегор | I<br>II<br>III<br>IV<br>V | 0<br>0<br>0<br>1<br>4 |

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09-2013/1** **Совет на Општина Делчево**
**29.08.2025** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

16. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002), а согласно со Барањето на КУД „Гоце Делчев“-Делчево за финансиска поддршка бр.21-1955/1 од 21.08.2025 , Советот на Општина Делчево на својата 51. Седница, одржана на ден 29.08. 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“-Делчево**

**Член 1**

Се одобруваат финансиски средства во износ од 60.000 денари на КУД „ Гоце Делчев“-Делчево.

Средствата се одобруваат за учество на престижниот светски фестивал „Силивири-Истанбул“ во Република Турција којшто ќе се одржи во периодот од 14 до 20 септември 2025 година.

**Член 2**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево, на трансакциска сметка 300210000017243 Комерцијална банка АД Скопје.

**Член 3**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 -2014/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.08. 2025 година** | **Претседател**
**Делчево** | **Гоце Попов**